БРОЈ 3 24.04.2019 ГОДИНА II
БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ
ISSN 2545-4935



СТРУЧНО СПИСАНИЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

# ТУТЕЛА

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје

Scanned with CamScanner

# ТУТЕЛА

Стручно списание за безбедност и здравје при работа

**БРОЈ 3 24.04 .2019 ГОДИНА II**

**БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ**

*Скопје, 2019*

Copyright © „Friedrich-Ebert-Stiftung"

*Сите права се задржани*

*Печатените изданија на Фондацијата Фридрих Еберт не смеат да се користат во комерцијални цели без претходно писмено одобрување од страна на фондацијата.*

*ISSN 2545-4935*

Издавачи:
*Фондација Фридрих Еберт - канцеларија Скопје*
*www.fes-skopje.org*

*Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје*
*www.tutela.org.mk*

Главен и одговорен уредник:
*Милан Живковиќ*
*Фондација Фридрих Еберт*
*канцеларија Скопје*

Уредувачки одбор:
*претседателка:*
*проф. д-р Марија Хаџи-Николова,*
*членови:*
*Владо Кочоски, Биљана Димовска, Ѓоко Павлов,*
*Љупчо Кочовски, проф. д-р Елисавета Стикова и Никола Георгиев*

Лектор:
*Лилјана Јовановска*

Дизајн и подготовка:
*Контура*

Печати:
*Контура*

Тираж на изданието:
*150*

*Искажаните ставови на авторите на текстовите не мора да соодветствуваат на ставовите на организаторите.*

Scanned with CamScanner

# СОДРЖИНА


5 **ОД ИЗДАВАЧИТЕ**

7 **АКТИВНОСТИ ПОМЕЃУ ДВА БРОЈА**

**ТЕМА НА БРОЈОТ - 100 ГОДИНИ МОТ**
13 БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ И ИДНИНАТА НА РАБОТАТА

**ДОБРА ПРАКСА ОД СТРУЧНО ЛИЦЕ**
14 ПРОЕКТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА ВО ФРОНТВИСЕГРОУП

**ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА**
18 МОЖНИ ПРИЧИНИ ЗА ПОЖАР НА МОТОРНО ВОЗИЛО

**ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ ЗА БЗР**
23 БЕЗБЕДНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО И УЛОГАТА НА СТРУЧНОТО ЛИЦЕ ВО КОМПАНИЈАТА
25 ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОВРЕДИТЕ – КОРИСНА ИНФОРМАЦИЈА ИЛИ СТАТИСТИЧКА ОПЕРАЦИЈА?

**28-29 ЛИЧНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА**
30 PDCA ЦИКЛУС - ПРОЦЕСНА АЛАТКА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**БЗР ОКОЛУ НАС**
34 ГОДИНА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА
39 БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО ЦРНА ГОРА

**ЗДРАВСТВО**
43 ПРОФЕСИОНАЛНО ЗДРАВЈЕ ИЛИ МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ

**ЕКОЛОГИЈА**
51 ПЕРСОНАЛНА ИЗЛОЖЕНОСТ НА СУСПЕНДИРАНИ ЧЕСТИЧКИ - КОЛКУ НАВИСТИНА СМЕ ИЗЛОЖЕНИ


Scanned with CamScanner

# Евиденција на повредите – корисна информација или статистичка операција?

**Повреда!!!** Нешто што никој не сака да го доживее, нешто што ниту една организација не го посакува!!! Но сепак е реалност и секојдневие!!! И веднаш на почетокот клучно прашање: ДАЛИ ИМА ТОЧЕН ПОДАТОК ЗА БРОЈОТ НА ПОВРЕДЕНИ ЛИЦА ВО МАКЕДОНИЈА? Самиот одговор е НЕ!!!

Но ајде да тргнеме по ред! Законската регулатива во Македонија согласно Законот за безбедност и здравје при работа (консолидиран текст 2017) има два клучни члена како составен дел од точката 6 од самиот закон (Евиденција и извештаи) и тоа членовите 36 и 37. Пред да продолжиме со анализа на моменталната ситуација најпрво би ги цитирал доследно самите членови 36 и 37.

Членот 36 од Законот всушност се однесува на работодавачот кој е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекција на труд и претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за: секој смртен случај, колективна несреќа како и повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три дена и секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа. Важен момент во рамките на овој член е тоа што известувањето на работодавачот покрај општите податоци содржи и краток опис на настанот и неговите последици.

Од друга страна, членот 37 од Законот ги обврзува работодавачите да водат евиденција за: професионалните болести, заболувањата во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работа.

Анализирајќи ги членовите неколку прашања веќе години се поставуваат (барем за мене) и тоа:

- Дали има точен број на ЛОКАЛНО и НАЦИОНАЛНО ниво за бројот на повредени лица на годишно ниво?
- Дали се евидентирани професионални заболувања?
- Дали организациите имаа корисна информација од статистичките податоци?
- Дали се користат „искуствата“ од претходни повреди за подобрување на безбедноста во организациите?
- Дали постои потреба од воведување на национален регистар за повредени лица?

Гледајќи ги поставените прашања можеби приоритет треба да се даде на фактот како самите организации ги користат овие информации за повредените лица? Дали истите прават сеопфатна анализа и превземаат мерки со цел да не се повтори иста или слична повреда или само се придржуваат кон законските прописи и истите само ги документираат и пријавуваат повредите до локалниот инспекторат.

Но, имајќи предвид дека Законската регулатива од областа безбедност и здравје при работа е активна скоро 12 години (од 2007 година) можеби и на бројот на повредени лица (доколку постои системски и точен податок) може да се гледа како на корисен податок во насока на доследна примена на законот. Имено самиот тренд на намалување на повредите би укажал на констатација на добра пракса од областа на безбедноста.

Во таа насока во прилог на овој дел би прикажал само еден дел од обемната работа која како член на Битолското Здружение за заштита при работа секоја година (започнувајќи од 2009) во соработка со Битолското стопанство и локалниот инспекторат ја правиме. Тоа е сеопфатна анализа на бројот на повреди која оди во насока на евиденција на бројот на повреди во Битолскиот регион од која анализа имаме статистички податок. Но, целта на анализата е всушност оној втор дел, а тоа е презентација на податоците пред самите индустриски капацитети од каде се креираат и иницијални чекори за подетална (длабинска) анализа во самите организации кои водат и всушност во одредени капацитети доведуваат до добра пракса, измени во процесите, но во краен случај и значително намалување на бројот на повредени лица.

Во прилог на овој дел само би прикажал и еден официјален податок од спроведените анализи, а тоа е бројот на евидентирани повреди во Битола и Битолското стопанство.

| Година | Повреди | Смртни Случаи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| 2015 | 310 | 1 | 311 |
| 2016 | 286 | / | 286 |
| 2017 | 264 | 1 | 265 |

Анализирајќи го табеларниот приказ слободно може да се констатира дека доследната примена на законската регулатива и тоа како води кон намалување на повредите, но сепак за жал сеуште се евидентираат. Но, сепак охрабрувачки податок е моментот кој говори дека иако бројот на вработени лица во Битола од година во година се зголемува, бројот на повредени лица е во тренд на опаѓање. Само за компарација во моментот во Битола се евидентирани 14.875 вработени лица, што доколку се спореди со бројот на



Scanned with CamScanner

повредени лица (265) доведува до констатација дека бројот на повредени лица е всушност 1.78%. Во насока на детална анализа на бројот на повреди и повредени лица е и фактот што анализата за 2015 година говори дека процентот на повредени лица е 2.05% во ситуација каде бројот на вработени лица е незначително помал од 2017.

Но, вистинското прашање е дали овие податоци треба да останат само како статистика и како официјален документ или треба да се оди чекор понатаму имајќи во предвид дека самиот закон, т.е. членот 36 предвидува и податоци за краток опис на настанот и неговите последици. Па зарем ова не е и повеќе од одличен податок за идни активности кои предвидуваат дополнителни заштитни мерки, едукација на вработените и избегнување на идни слични повреди?

Од друга страна, анализирајќи ја ситуацијата во поглед на повредите она што и можеби е и уште еден битен податок е евиденцијата на т.н. професионални заболувања. Иако законот и законската регулатива предвидува и прегледи на вработените и пријава на секое професионално заболување, барем податоците во Битолскиот регион говорат дека НИТУ ЕДНО НЕ Е ЕВИДЕНТИРАНО!!! Оваа ситуација не доведува до констатација дека или навистина ги нема или истите постојат но не се евидентирани.

Финално зборувајќи за оваа тематика, би кажал дека овој дел е всушност можеби и само иницијална каписла за идни системски активности кои би довеле до подобрување на состојбите во организациите, но воедно и до ситуација каде бројот на повреди од година во година ќе биде се помал.

Проф. д-р Иво Кузманов
Раководител на отсекот за
Индустриско инженерство и менаџмент
Технички Факултет Битола



Scanned with CamScanner